Врз основа на Одлуката на Управниот Одбор на ЈП Градски Гробишта Охрид бр.02-191/4 од 14.02.2020 година и Одлуката на Советот на Општина Охрид бр.08-2748/93 од 12.03.2020 година а согласно Законот за јавен долг, ЈП Градски Гробишта Охрид објавува:

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИБИРАЊЕ ПОНУДИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ПО ПАТ НА КРАТКОРОЧЕН КРЕДИТ**

1. Со цел реализација на Фотоволтаична централа, ЈП Градски Гробишта Охрид има потреба од дополнителни финансиски средства-кредит во висина од 1.200.000,оо денари;
2. Согласно анализата на финансиските показатели и физибилити студијата бр. 03-179/1 од 12.02.2020 година ЈП Градски Гробишта, износот од став 1 ќе го сервисира на 72 месечни ануитети со вклучен грејс период од 6(шест) месеци;
3. Право на доставување понуди имаат сите деловни банки и правни субјекти регистрирани за ваква дејност под услови утврдени согласно законската регулатива за банкарско работење;
4. Максималната висина на каматната стапка на бараниот кредит ќе изнесува 3,80 % и ќе биде непроменлива за целиот рок на траење на кредитот;
5. Заинтересираните субјекти својата понуда можат да ја достават најкасно до 5(пет) дена од денот на објавата на ова барање на следната адреса: ул.15-Корпус бб или во архивата на ЈП Градски Гробишта Охрид.

Условите на кредитот во однос на рокот и каматната стапка се утврдени врз основа на претходно истражување на пазарот и констатираните пазарни услови.

**ЈП Градски Гробишта Охрид**